| НЕДЕЛНА ТЕМА: | Како го мериме времето |
|---|---|
| СОДРЖИНА НА ДЕНОТ: | Седум дена - седмица |
| ВОЗРАСТ: | 4-6 години |
| ВОСПИТУВАЧ: | Лилјана Црвенкоска |
| ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ | |
| ЗДРАВИ И БЕЗБЕДНИ НАВИКИ: | Разговор на тема колку е важна личната хигиена за нашето здравје (наутро да се мие лицето, рацете и забите, редовно капење и менување на долната облека, како и постојано миење на рацете со сапун и вода). |
| АКТИВНОСТ: | - Активноста ќе започне со утврдување на претставите за ден и ноќ, деловите од денот и деновите од неделата.<br>- Преку разговор по слика, децата ќе се потсетат како настанува денот, а како ноќта и како се менуваат деновите во неделата.<br>- Потоа на децата им се чита стихотворба која ја утврдуваме со наслов „Седум дена - седмица", па ќе се повторува .<br>- Потоа на на децата моѓе да им се чита текстот „Колку е часот", а потоа им се објаснуваат непознатите зборови и се води разговор за неговата содржина. На поставени прашања, детето се поттикнуваат да одговара со цели и граматички правилни реченици.<br>- На крајот од активноста, детето може да го илустрира текстот со дрвени боици.<br>- Прилог: Стихотворбата :<br><br>Седум дена – седмица<br><br>Доаѓаат седум дена,<br>доаѓаат се на смена.<br>понеделник минува и проаѓа, |

| | |
|---|---|
| | а по него Вторник доаѓа.<br>штом вторник ќе си замине,<br>и среда ќе намине.<br>за неа место нема,<br>четвртокот и го зема.<br>четвртокот ќе одлета,<br>а петок ќе долета.<br>и тој така ќе си оди,<br>па Сабота ќе се роди.<br>по сабота е Недела,<br>ете таа е последна.<br>еден до друг – така сите<br>лесно ни минуваат дните.<br>Автор: Александар Кујунџиски |